РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 19.03.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2200/1 | 0 | |


**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка.

Пратеници:

[illegible]
Јована Тренчевска
Ѓорѓе [illegible]
Благој Бочварски
Оливер Спасовски
Јован Митрески
[illegible]
Моника Заткова
Даниела Николовска
Славјанка Петровска
FATMIR BYTYQI



[1] 08-2200/1 [2026]

Димитар Јовевски

Горан Мисовски

Соња Мираковска

Сања Лукаревска

Миле Талески

Митко Трајчулески

Бисера Костадиновска Стојчевска

Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, март 2026 година

## ВОВЕД

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 52/09, 114/09, 39/10, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 174/21; 253/23 и 224/24;35/25 и 269/25), се уредуваат прашањата за изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на патната инфраструктура, обезбедувањето на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на патната мрежа, како и други прашања од значење за јавните патишта.

Со постоечкиот закон е предвидено висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина) да го утврдува Владата со Одлука. Во изминатиов период овој начин на функционирање се покажа и докажа како нецелисходен и несоодветен начин на регулирање на оваа сфера, бидејќи граѓаните плаќаат високи износи за патарини и бројот на наплатни станици постојано се зголемува, а од друга страна квалитетот на јавните патишта не се подобрува. Ако на сето ова се земе и предвид економската состојба и цените на горивата во државата се наметна потребата од намалување на висината на износот за патарините и уредување на начинот на наплата на истата со закон, а не како досега со владина одлука.

Дополнително, со воведување на новите начини на плаќање на патарините, се намалува сообраќајниот метеж кој се создава на автопатите, посебно во екот на летот и празничните денови. Со ова се зголемува степенот на безбедност на сообраќајот,се редуцираат долгите колони од возила кои се создаваат на патарините, потрошувачката на гориво на возилата како и дополнително се заштитува природната средина од емисијата на штетни издувни гасови.

Од овие причини, јасно се наметна потребата од носење на овој предлог на закон, со кој се намалува висината на патарините и начинот на наплата на истата да се утврдува со закон.

Врз основа на наведеното, предлагаме донесување на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта.

### II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог-законот е заснован на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за јавните патишта.

Целта на предлог-законот е да се намали висината на износот на патарините прилагодена на претходнонаведените состојби и начинот на наплата на истите да биде утврден со закон. Основните решенија во предлог-законот одговараат на моменталната економска состојба. Сметаме дека ова решение е во насока на задоволување на целите на овој предлог-закон.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕНА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИСУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по Предлогот на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Член 1

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 52/09, 114/09, 39/10, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 174/21; 253/23 и 224/24),во член 57 во ставот 1 зборовите: „ ја пропишува Владата на Република Северна Македонија“ се бришат, а по зборовите „ моторот“ се додаваат зборовите: „се утврдени со овој закон“.

Член 2

Во член 58 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Висината и начинот на наплата на надоместокот од ставот (1) на овој член се утврдува согласно овој закон.“.

Член 3

Во член 58-а во ставот (1) зборовите: „актот од членот 58 став (2) од“ се бришат.

Во ставот (3) зборовите:„ актот од членот 58 став (2) од“ се бришат.

Член 4

По членот 58-а се додаваат шест нови членови 58-б, 58-в, 58-г,58-д, 58-ѓ и 58-е кои гласат:

„Член 58-б

(1) За утврдување на висината на надоместокот за употреба на пат (патарина) за различните видови на возила, во зависност од видот на возилото, бројот на осовини и висината кај предната осовина, возилата се распоредуваат во пет категории:

- прва категорија А: моторни возила со карактеристики на мотоцикли (со две тркала),
- прва категорија Б: возила со две осовини и висина кај предната осовина пониска од 1,3 метри,
- втора категорија: возила со три или повеќе осовини и висина кај предната осовина пониска од 1,3 метри, возила со две осовини и висина кај предната осовина повисока од 1,3 метри или пониска од 1,8 метри и возила со приколка со три или повеќе осовини и висина кај предната осовина пониска од 1,3 метри,
- трета категорија: возила со три осовини и висина кај предната осовина повисока од 1,3 метри и возила со две осовини и висина кај предната осовина иста или повисока од 1,8 метри и
- четврта категорија: возила со четири или повеќе осовини и висина кај предната осовина повисока од 1,3 метри.

(2) Висина на возилото кај предната осовина, се мери вертикално од коловозот до највисоката точка на возилото, над предната осовина.

Член 58-в

(1) Висината на надоместокот за употреба на пат (патарина) во денари на делниците на кои се наплаќа патарина изнесува:

| | | КАТЕГОРИЈА НА ВОЗИЛА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | IA | IB | II | III | IV |
| Наплатна станица | Делница | ПАТАРИНА ВО ДЕНАРИ | | | | |
| Романовци | Куманово - Миладиновци и обратно | 20 | 30 | 40 | 80 | 110 |
| Петровец | Скопје - Петровец и обратно | 10 | 20 | 30 | 50 | 80 |
| Сопот | Петровец - Велес | 20 | 40 | 60 | 110 | 160 |
| Отовица | Велес - Петровец | 20 | 40 | 60 | 110 | 160 |
| Стоби | Велес - Градско и обратно | 20 | 30 | 50 | 90 | 130 |
| Миладиновци | Скопје - Миладиновци и обратно | 10 | 20 | 30 | 50 | 80 |
| Тетово | Тетово - Гостивар и обратно | 10 | 10 | 20 | 40 | 50 |
| Гостивар | Тетово - Гостивар и обратно | 10 | 10 | 20 | 40 | 50 |
| Глумово | Скопје - Тетово и обратно | 10 | 20 | 30 | 50 | 80 |
| Желино | Скопје - Тетово и обратно | 10 | 20 | 30 | 50 | 80 |
| Демир Капија | Градско - Демир Капија и обратно | 20 | 40 | 60 | 110 | 170 |
| Гевгелија | Демир Капија - Гевгелија и обратно | 30 | 50 | 80 | 140 | 210 |
| Кадрифаково | Штип - Св. Николе и обратно | 10 | 20 | 40 | 70 | 100 |
| Преод | Св. Николе - Миладиновци и обратно | 20 | 30 | 50 | 90 | 140 |

(2) Висината на надоместокот за употреба на пат (патарина) при готовинско плаќање во евра на делниците на кои се наплаќа патарина изнесува:

| | | КАТЕГОРИЈА НА ВОЗИЛА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | IA | IB | II | III | IV |
| Наплатна станица | Делница | ПАТАРИНА ВО ЕВРА | | | | |
| Романовци | Куманово - Миладиновци и обратно | 0,25 | 0,50 | 0,75 | 1,25 | 2,00 |
| Петровец | Скопје – Петровец и обратно | 0,25 | 0,50 | 0,50 | 1,00 | 1,50 |
| Сопот | Петровец - Велес | 0,50 | 0,75 | 1,00 | 2,00 | 2,75 |
| Отовица | Весел - Петровец | 0,50 | 0,75 | 1,00 | 2,00 | 2,75 |
| Стоби | Велес – Градско и обратно | 0,25 | 0,50 | 1,00 | 1,50 | 2,25 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Миладиновци | Скопје – Миладиновци и обратно | 0,25 | 0,50 | 0,50 | 1,00 | 1,25 |
| Тетово | Тетово – Госитвар и обратно | 0,25 | 0,25 | 0,50 | 0,75 | 1,00 |
| Гостивар | Тетово – Гостивар и обратно | 0,25 | 0,25 | 0,50 | 0,75 | 1,00 |
| Глумово | Скопје – Тетово и обратно | 0,25 | 0,50 | 0,50 | 1,00 | 1,50 |
| Желино | Скопје – Тетово и обратно | 0,25 | 0,50 | 0,50 | 1,00 | 1,50 |
| Демир Капија | Градско – Демир Капија и обратно | 0,50 | 0,75 | 1,25 | 2,00 | 3,00 |
| Гевгелија | Демир Капија – Гевгелија и обратно | 0,50 | 1,00 | 1,50 | 2,50 | 3,50 |
| Кадрифаково | Штип - Св. Николе и обратно | 0,25 | 0,50 | 0,75 | 1,25 | 2,00 |
| Преод | Св. Николе - Миладиновци и обратно | 0,25 | 0,75 | 1,00 | 1,50 | 2,25 |

Член 58-г

(1) Наплатата на патарина се врши на наплатните станици комбинирано преку "отворен систем„ и "затворен систем„ за наплата на патарина.

(2) Начинот на плаќањето на патарината може да биде:

- готовински и со банкарски картици (дебитни и кредитни),
- електронски со безконтактни смарт картици и со уред за електронска наплата на патарина и
- со билет за ненаплатена патарина со налог за плаќање Електронските системи за наплата на патарина мора да овозможат наплата на патарина со употреба на микробранова (DSRC) технологија на работна фреквенција од 5,8 GHz.

Член 58-д

Корисниците на патиштата патарината можат да ја плаќаат со купување на безконтактни смарт картици или уред за електронска наплата на патарина (во натамошниот текст: таг).

Член 58-ѓ

(1) Вредноста на безконтактните смарт картици изнесува 100 денари и минималниот износ за дополнување при купување и при секое наредно надополнување не може да биде помал од 360 денари.

(2) Со купување на безконтактна смарт картица корисникот на патишта се стекнува со правото на користење на дневна карта од 24 часа ,сметано од времето на купување на истата. Дневната карта се користи за сите патни правци на територијата на државата.

(3) Вредноста на тагот изнесува 1.200 денари и минималниот износ за дополнување при купување и при секое наредно надополнување не може да биде помал од 360 денари.

Член 58-е

(1) Доколку корисникот на патот сопственик на возилото не ја плати патарината или на било кој начин одбива да го стори тоа, му се издава билет за ненаплатена патарина со налог за плаќање во рок од 24 часа од моментот на издавањето.

(2) Билетот за ненаплатена патарина со налог за плаќање се издава на наплатните станици на кои е воведен електронскиот систем за наплата на патарина. Корисниците на патот на кои им е издаден билет за ненаплатена патарина со налог за плаќање можат истиот да го платат на секоја сообраќајна лента на наплатните станици каде се врши продажба и надополнување на електронските уреди и на официјалната веб страница на Јавното претпријатие за државни патишта“.“.

Член 5

(1) Начинот на наплатата на патарина електронски со безконтактни смарт картици и со уред за електронска наплата на патарина, воведувањето на наплата на патарина на некои од патните делници наведени во членот 58-в од овој закон како и воведувањето на прва категорија А моторни возила со карактеристики на мотоцикли (со две тркала), ќе се имплементира во неколку фази, по создавање на технички услови за нивна имплементација.

(2) Во рок од 90 дена од денот на влегување во сила на овој закон Јавното претпријатие спроведува подготвителни фази за начинот на наплата на патарината како и воведувањето на прва категорија А моторни возола со карактеристики на моторцикли (со две тркала) со овој закон и техничките услови за нивна реализација.

(3) Подготвителната фаза од ставот (2) на овој член ја опфаќа:

1. подготовка на извештај за состојбата на постојниот начин на наплата на патарина, во кој се дава опис на начинот и организацијата на наплатните станици, бројот,локацијата на наплатните пунктови,нивната опременост, обем на сообраќај и категории на возила, степен на дигитализација и можност за интеграција и препораки за унапредување;

2. изработка на физибилити студија за оправданост за начинот на наплата на патарината и воведување на прва категорија А моторни возола со карактеристики на моторцикли (со две тркала) со овој закон и техничките услови за нивна реализација, во која се земени во предвид препораките од извештајот од точката 1 на овој став и со која се утврдува техничката изводливост, економската оправданост и моделот на имплементација на системот;

3. процена на влијанието врз животната средина од примената на начинот на наплата на патарина и техничките услови за нивна реализација и

4. други активности неопходни за спроведување на постапката.

(4) Врз основа на физибилити студијата од ставот (3) точка 2 од овој член по предлог на Јавното претпријатие Владата донесува одлука за започнување на постапка за начинот и техничките услови по кои ќе се врши електронска наплата на патарина.

(5) Одлуката од ставот (4) на овој член содржи:

- образложение за оправданоста;
- начинот, техничките услови по кои ќе се врши електронската наплата на патарина и
- рокот за спроведување на постапката.

(6) По влегувањето во сила на одлуката од ставот (5) на овој член постапката за избор и реализација на системот Владата ја спроведува во согласност со прописите за јавни набавки.

(7) За спроведување на постапката од ставот (6) на овој член формира Комисија која се состои од претседател и четири члена и нивни заменици со завршено високо образование или стекнато најмалку 240 ЕКТС или VII/1 степен образование, од областа на економијата, правото и техничките и сообраќајни науки , од кои по еден преставник е предложен од Јавното претпријатие, генералниот секретаријат на Владата, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и Министерство за локална самоуправа. Претседател е преставникот од Јавното претпријатие.

(8) Комисијата ги врши следниве работи:
1. подготвува тендерска документација;
2. утврдува критериуми за избор;
3. организира прием на пријавите за учество и понудите;
4. ја утврдува способноста на кандидатите и определува кандидати кои имаат право да го продолжат учеството во постапката;
5. ја утврдува способноста на понудувачите,
6. дава појаснувања и доставува дополнителни информации и документи,
7. ги разгледува и оценува понудите и врши рангирање на понудувачите со предлог за прворангираниот да биде избран,
8. изготвува извештај за евалуација на понудите,
9. поднесува предлог за поништување на постапката и
10. ги врши сите други работи потребни за спроведување на постапката.

(9) Изборот на економски најповолна понуда се врши врз основа на критериуми утврдени во тендерската документација, особено во однос на квалитетот, цената, техничките решенија и одржливоста на системот.

(10) По спроведената постапка за јавна набавка, Владата донесува одлука за избор на најповолен понудувач и склучува договор за имплементација на системот по кој ќе реализира начинот и техничките услови за наплата на патарината како и воведувањето на прва категорија А моторни возола со карактеристики на моторцикли (со две тркала).

(11) Владата на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон ја пропишува содржината на физибилити студијата од став (3) точка 2 на овој член.

Член 6

Начинот на наплата уредена со овој закон ќе започне да се применува по завршување на фазите утврдени во член 5 од овој закон.

До започнување со примена на ставот 1 на овој член ќе се применува начинот на наплата утврдени со Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 52/09, 114/09, 39/10, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 174/21; 253/23 и 224/24).

Член 7

Со денот на влегување во сила на овој закон, престанува да важи Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина) ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 118/2019 и 88/25).

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи 8 члена.

Членот 1 предвидува усогласување со постоечката законска легислатива.

Членот 2 превидува дека висината и начинот на наплата на надоместокот на патарините се утврдува со овој закон.

Членот 3 бришење во членот 58-а

Членот 4 предвидува додавање на шест нови членови во законот и тоа, 58-б, 58-в, 58-г, 58-д, 58-ѓ и 58-е, а со кои се утврдува бројот на патарини, висината на износот на патарините на секоја од нив поединечно во денари и евра и начинот на плаќање на патарините.

Членот 5 предвидува начинот на наплата на патарина електронски со безконтактни смарт картици и со уред за електронска наплата на патарина, да се имплементира во неколку фази, по создавање на технички услови за нивна имплементација.

Членот 6 ја уредува примената на законот за начинот на наплата.

Членот 7 предвидува престанување на важност на Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина).

Членот 8 предвидува законот да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, без вообичаениот уставен рок за vacatio legis.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените измени ќе доведат до поголема правна сигурност и транспарентност бидејќи сите правила за патарина ќе бидат утврдени директно со закон, ќе се модернизира системот на наплата преку електронски решенија, ќе се овозможи пофлексибилно и поекономично користење на патиштата преку дневни карти и претплатнички пакети, но истовремено ќе се зголеми заштита на системот бидејќи секоја промена на цените ќе бара законски измени наместо побрзи одлуки на Владата.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
ОД ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ (ИЗВОД)

**Член 57**

(1) Висината и начинот на плаќање на надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса), од членот 55 точка 2 на овој закон, ја пропишува Владата на Република Северна Македонија, во зависност од категоријата на возилото, носивоста и/или зафатнината и јачината на моторот.

(2) Имателите на моторни возила што подлежат на регистрација надоместокот за употреба на јавните патишта го плаќаат при регистрација на возилата.

**Член 58**

(1) Плаќање на надоместок за употреба на пат (патарина), од членот 55 точка 3 на овој закон, може да се воведе за:

1) употреба на автопат, експресен пат магистрален пат или нивен дел и

2) употреба на мост, вијадукт или тунел, изграден заради скратување на трасата на постојниот пат.

(2) Висината и начинот на наплата на надоместокот од ставот (1) на овој член ја утврдува Владата на Република Северна Македонија, во зависност од:

1) видовите на возила по категории;

2) извезеното растојание и

3) фреквенција на возилата.

(3) Наплатата на надоместокот од ставот (1) на овој член ја врши Јавното претпријатие на наплатните станици на самиот пат и тоа: готовински и со платежни дебитни или кредитни картички, електронски со безконтактни смарт картици и со уред за електронска наплата на патарина (таг) како и со билет за ненаплатена патарина со налог за плаќање. Електронската наплата на патарината со таг може да се врши и преку правни лица за продажба и дистрибуција на уреди за електронска наплата на патарина (таг) избрани од страна на Јавното претпријатие по пат на јавен повик, кои ги исполнуваат условите согласно со овој закон.

(4) Средствата собрани од надоместокот од ставот (1) на овој член се приход на Јавното претпријатие и се користат за финансирање на програмата за изградба, реконструкција, рехабилитацијата, одржување и заштита на државните патишта.

(5) За платениот надоместок од ставот (1) на овој член кој се врши готовински или со платежни дебитни или кредитни картички на корисникот на патот му се издава билет за патарина-фискална сметка која корисникот е должен да ја чува во возилото за цело време на движење на патот како доказ за наплата на патарината, а платениот надоместок кој се врши електронски со безконтактни смарт картици или со уред за електронска наплата на патарина (таг) се евидентира во системот за електронска наплата на патарина на Јавното претпријатие.

(6) Корисникот на патот е должен да застане на наплатната рампа заради наплата на патарина.

(7) Секој е должен да плати патарина при поминување на наплатна рампа.

(8) Забрането е при преминување на наплатната станица кршење на наплатната рампа.

**Член 58-а**

(1) Електронската наплата на патарината преку уред за електронска наплата на патарина (таг) Јавното претпријатие може да ја врши и преку правни лица со објавување на јавен повик, при што висината на цената за продажба на еден уред за електронска наплата на патарина (таг) не смее да е повисока од цената утврдена во актот од членот 58 став (2) од овој закон.
(2) Јавниот повик од ставот (1) на овој член се објавува за склучување на договор со правни лица за продажба, дистрибуција и наплата на патарина со уреди за електронска наплата на патарина (таг) и тоа во три дневни весници што излегуваат на територијата на Републиката од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, во времетраење од пет дена.
(3) Јавниот повик од ставот (1) на овој член особено содржи податоци за начините на електронска наплата на патарината со уреди за електронска наплата на патарина (таг) согласно со актот од членот 58 став (2) од овој закон како и податоци за условите кои треба да ги исполнуваат правните лица со цел да склучат договор за продажба, дистрибуција и/или наплата на патарина со уреди за електронска наплата на патарија (таг) и тоа:

- да имаат широко распространета мрежа на продажни места (најмалку 25 активни продажни места), како и широка мрежа на постоечки корисници (физички и правни лица) на нивните услуги, како база за понудување на услугите за продажба на уреди за електронска наплата на патарина (таг) и нивно надополнување, од најмалку 200.000 корисници,
- да овозможуваат различни видови на плаќање (во продажно место, преку веб-страница, фактурно плаќање и друго) и искуство со нудење на услуги со претплата и услуги со одложено плаќање,
- да имаат високо ефикасни и безбедни системи за наплата,
- да имаат висока маркетингшка достапност преку медиуми, социјални мрежи и друго, со цел да се обезбеди информирање и пристап до поголем број и различни видови корисници,
- висина на годишен бруто-приход во последните три години (најмалку 1.800.000.000,00 денари) и
- висина на банкарска гаранција за периодот на времетраењето на договорот.

(4) Јавниот повик од ставот (3) на овој член се објавува по претходно донесена одлука од страна на Управниот одбор на Јавното претпријатие, во која се содржани податоците од јавниот повик и условите кои треба да ги исполнуваат правните лица согласно со ставот (3) на овој член.
(5) Јавниот повик од ставот (3) на овој член се спроведува од страна на трочлена комисија од редот на вработените во Јавното претпријатие, која во рок од 20 дена од денот на завршувањето на јавниот повик доставува записник до директорот на Јавното претпријатие за тоа кои правни лица ги исполнуваат условите од јавниот повик.
(6) Со правните лица кои ги исполнуваат условите од јавниот повик Јавното претпријатие склучува договор за продажба, дистрибуција и наплата на патарина со уреди за електронска наплата на патарина (таг) со времетраење од пет години.
(7) Јавниот повик за склучување на договори со правни лица за продажба, дистрибуција и наплата на патарина со уреди за електронска наплата на патарина (таг), Јавното претпријатие може да го распишува и повеќепати годишно доколку има заинтересирани правни лица за склучување на овој вид договори, а најмалку еднаш на секои пет години.